АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Реализирани исплати на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)**

По успешната реализација на одобрените инвестиции, шест корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 252,267 денари на корисникот Ице Атанасоски од Пелагонискиот регион, за обновување на производство на зеленчук на отворено. Од вкупно исплатените средства 189,200 денари се средства од буџетот на ЕУ и 63,067 денари се национален дел.

На корисникот Владимир Ќириќ од Југоисточниот регион исплатени се средства во износ од 472,913 денари од кои 354,684 денари се средства од буџетот на ЕУ и 118,229 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на производство на зеленчук на отворено.

На корисникот Јовче Гајтановски од Пелагонискиот регион исплатени се средства во износ од 112,243 денари од кои 84,182 денари се средства од буџетот на ЕУ и 28,061 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Пијанец Град од с.Црник, Пехчево исплатени се средства во износ од 738,286 денари од кои 553,714 денари се средства од буџетот на ЕУ и 184,572 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Раде Савовски од Вардарскиот регион исплатени се средства во износ од 357,867 денари од кои 268,400 денари се средства од буџетот на ЕУ и 89,467 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот Владо Симовски од Пелагонискиот регион исплатени се средства во износ од 705,844 денари од кои 529,383 денари се средства од буџетот на ЕУ и 176,461 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.